МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

MACEDONIAN BANK FOR DEVELOPMENT PROMOTION

**Бр. ___ __________**

# ПОЛИСА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
# ОД КРАТКОРОЧНИ КОМЕРЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

**ОСИГУРИТЕЛ**
**МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ**

**ОСИГУРЕНИК**

# СОДРЖИНА

**A.** ***Дефиниции***

**Б.** ***Полиса за осигурување***

1. Осигурени ризици
2. Осигурено побарување
3. Купувачи
4. Одобрување и откажување на покритието за купувачите
5. Плаќање на отштета
6. Повраток

**Ц.** ***Обврски на осигуреникот***

1. Што треба да направи осигуреникот
2. Барање за отштета
3. Пренос на побарувањата и постапки за наплата
4. Спорни работи

**Д.** ***Општи услови***

1. Важност на полисата за осигурување и откажување
2. Пренос на права
3. Закон
4. Невистинито и погршно информирање
5. Доверливост
6. Суброгација
7. Права на осигурителот/ осигуреникот
8. Одрекување
9. Промена на полисата за осигурување
10. Начин на информирање
11. Трошоци за кредитен лимит

**Е.** ***Потписи***

**Ф.** ***Прилози***

## *А.Дефиниции*

1.1 Кредитен лимит – износ на акумулирани осигурани побарувања на осигуреникот од купувачот, кој го утврдува МБПР врз основа на анализата на кредитоспособноста на купувачот и условите на земјата во која тој дејствува.

1.2 Валута на Полисата за осигурување – валутата на оваа полиса за осигурување во која ќе се изразува кредитниот лимит и пријавувањето на испораките ќе биде во евра. Секое пријавување на испораките во кое износите се во друга валута ќе бидат конвертирани во евра според девизниот курс одреден од Народна Банка на Република Македонија на датумот на секоја испорака на стоките или услугите.

Валутата на оваа Полиса за осигурување за сите кредитни лимити и пријави за реализирани испораки за домашното кредитно осигурување ќе биде во денари.

Плаќањата на сите износи согласно со оваа полиса ќе бидат во денари. Девизниот курс за пресметка на премијата согласно со оваа полиса, во случај на евра ќе биде според средниот курс одреден од Народна Банка на Република Македонија на датумот на секоја пријавена испорака на стоки или извршување на услугите. Еднаш кога ќе биде одреден курсот за секоја пријавена испорака на стоки или услуги, овој курс понатаму ќе се применува за сите отштети што настануваат од споменатата испорака на стоки или услуги.

1.3 Поврзани субјекти – секое трговско друштво кое е холдинг трговско друштво или филијала, или филијала на некое холдинг трговско друштво.

1.4 Отштета – износ што осигурителот треба да му го исплати на осигуреникот доколку настане осигуран случај

1.5 Принуден управител – лице одговорно за управување со стечајната постапка (ликвидација), за управување со стечајната маса, порамнување или било која друга постапка кај несолвентноста.

1.6 Осигурени побарувања – побарувања од купувачот настанати по основ на испорака на стоки и услуги кои се фактурирани во времето на важност на кредитниот лимит што е одобрен од осигурителот и со договорен рок на плаќање кој нема да биде подолг од 180 дена.

1.7 Осигурен процент – процент на обесштетување наведен во додатокот за кредитен лимит што МБПР би го платила за секое одобрено барање за отштета.

1.8 Период на одложување на плаќањето - периодот од датумот на пристигнување на барањето за отштета и дополнителните документи и информации, наведен во прилогот, пред да биде исплатена отштетата согласно со член Б5.

1.9 Оваа полиса ги вклучува: прашалникот за осигурување, прилогот кон полисата за осигурување, секоја апликација за кредитен лимит, додатокот за кредитен лимит, пријавите за реализирани испораки од осигуреникот и било кои други додатоци на полисата за осигурување.

1.10 Неосигурен процент – процент на учеството на осигуреникот во износот од секое осигурано побарување.

1.11 Повраток – износ на финансиски средства или стоки што МБПР ги наплатила или добила од купувачот, пред и после исплата на штетата.

1.12 Осигурител – Македонска банка за поддршка на развојот ад Скопје (МБПР)

1.13 Осигуреник –

## ***Б.Полиса***

**1.0 Осигурени ризици:**

1.1 МБПР ќе обезбеди покритие за осигуреникот ако купувачот прифатен од МБПР со Додатокот за кредитен лимит стане несолвентен или не плаќа во период назначен во Додатокот за кредитен лимит по датумот на достасување на плаќањето.

- Несолвентност (стечај) – како што е дефинирана во прописот за несолвентност во земјата на купувачот и вклучува:
  - Донесено е решение за ликвидација на купувачот;
  - назначен е принуден управител (администратор за несолвентност);
  - донесено е административно решение;
  - назначен е ликвидационен управител или стечаен управител над целиот имот;
  - склучен договор за принудно порамнување со доверителите;
  - настанале околности кои МБПР ги оценува како слични со горенаведените; и
  - купувачот престанал да извршува деловна активност;

- Продолжено неплаќање- неплаќање од страна на купувачот после 180 дена од договорениот рок на плаќање на побарувањата, а за кое осигуреникот доставил известување за доцнење на плаќањето.

1.2 МБПР ќе обезбеди покритие на сите осигурани побарувања кои се испорачани и фатурирани за време на важноста на полисата за осигурување.

1.3 МБПР ќе го исплати осигурениот процент од осигурените побарувања согласно со оваа полиса за осигурување, а утврден во додатокот за кредитен лимит.

1.4 МБПР подолу во точка Б2.0 објаснува кои се осигурани побарувања, како да се поднесе барање за отштета во член Ц2. МБПР ќе плати максимум до висината на осигурениот процент на кредитниот лимит за одреден купувач, во секој поединечен случај.

**2.0 Осигурено побарување**

2.1 Осигурено извозно побарување е износот (не вклучувајќи ДДВ или некои други слични даноци и трошоци):

- кој го побарува осигуреникот од купувачот врз основа на фактурата за стоките или услугите;

- за транспорт, осигурување, пакување и слични трошоци само доколку се вклучени во истата фактура како и осигурените стоки и услуги;

- за трошоците што ги плаќа со согласност од МБПР при обидот на осигуреникот да го наплати побарувањето од купувачот;

- за трошоците што ги плаќа осигуреникот со согласност на МБПР при обидот за повраток на стоките откако осигуреникот доставил барање за отштета (на пример платените трошоци на претставникот во судот);

- за трошоците што со согласност на МБПР ги плаќа осигуреникот на агентот во обидот за повторна продажба на стоките повратени од купувачот, а за кој осигуреникот доставил барање за отштета;

* Осигурано домашно побарување е побарувањето на осигуреникот од домашни купувачи за кој платил премија. Осигуреникот во пријавата за осигурување се одлучува дали ќе го осигура побарувањето со ДДВ или без ДДВ.

2.2 Осигурителното покритие не вклучува настанати штетити по основ на:

- Јонизациска радијација или контаминација од радиоактивност од било какво нуклеарно гориво или од било каков нуклеарен отпад од согорување на нуклеарно гориво.

- Радиоактивни, токсични, експолозивни или други опасни материјали на било кој експолозивен нуклеарен склоп или компонента .

- Секое воено оружје кое користи атомска или нуклеарна физијаи/или фузија или друга слична реакција или радиоактивна сила или сродство .

- Камата, казнена камата, пенали или други дополнителни трошоци.

- Штета поради војна, немири, политички настани,револуција или сличен настан

- Штета поради правосилно превземање или уништување на стоките од осигуреникот од страна на властите каде стоката е испорачана.

- Општа забрана за плаќање (мораториум) во земјата на купувачот или во земјата од која се врши плаќањето.

- Општи владини мерки во земјата на купувачот како на пр: забрана на тргување и плаќање, забрана на конвертирање и трансфер на износите платени од купувачот во неговата домицилна земја, одложување на плаќање,итн.

- Природни катастрофи во земјата на купувачот (ерупции, земјотреси, поплави, урагани и итн)

- Несоодветност на доставената стока или услуги во однос на условите од купопродажниот договор ( квантитет на стоката специфицирана во договорот или неиспорака на стока со дефиниран квалитет,прекршување на рок за испорака,итн) .

- Договорот е склучен спротивно на законите и регулативите на замјата на купувачот или спротивно на законите и регулативите на Република Македонија.

- Осигуреникот не го известил осигурителот за договорите кои биле склучени пред или по склучување на договорот за осигурување и овие договори суштински придонесуваат за зголемување на ризикот на осигурителот.

- Условите за плаќање се изменети од осигуреникот без одобрување на осигурителот .

- Осигуреникот последователно одобрил бонус на купувачот (износ кој нема да биде вратен ).

- осигуреникот не ги навел сите неопходни околности кои имаат влијание на оценката на ризикот.

- Осигуреникот не постапува со соодветна делотворност согласно оваа полиса.

Осигурителот нема да покрие штета:

- Ако осигуреникот поднесе барање за отштета со сета потребна документација по 6 месеци од моментот на настанување на осигурениот настан, дефиниран во глава Б.полиса точка 1.1 од оваа Полиса.

- Барањето за отштета со некомплетна документација поднесено во рокот од 6 месеци од настанокот на осигурениот случај не ја исклучува примената на одредбата од претходниот став.

- Осигурителот нема да ги осигура побарувањата кои произлегуваат од испораката на стоката или обезбедување на услуги, ако иститите се извршени пред почетокот на важноста на осигурувањето, освен ако не е поинаку наведено во полисата.

- Штета поради штрајкови.

- Штета поради несреќа која резултира со нуклеарна експлозија или радиоактивност.

- Побарување кое е, или кое би било покриено со било кое друго осигурување.

- Штета предизвикана од доцнење на трансферот на средствата до земјата низ банкарскиот систем или загуби што резултираат од промени во девизните курсеви.

- Штета поради тоа што осигуреното побарување нема карактер на побарување кое може принудно да се наплати, или не може да биде наплатено поради ограничување на увозот или извозот, или поради недостаток на дозвола за извоз или увоз, или лиценца.

- Плаќање за стоките или услугите авансно, или во готово во моментот или пред испораката.

- Испорачаните и фактурирани стоки до купувачот после доставено барање за отштета за тој купувач, доколку претходно не е договорено друго.

2.3 Побарувањето од купувачот нема да биде осигурано доколку веќе постојат побарувања од истиот купувач кои се ненаплатени подолго од 20 дена, по истекот на договорениот рок на плаќање. Ако купувачот ги плати сите задоцнети долгови, сите побарувања што не се постари од 20 дена ќе бидат осигурени. Овие побарувања нема да бидат осигурани ако претходно е доставено барање за штета.

2.4 Осигурено побарување се однесува само на фактурите за стоките и услугите кои се наведени во пријавата за реализирани испораки. Ова исто така се применува само за оние земји наведени во прилогот или во додатоците за кредитен лимит кои се составен дел од оваа Полиса..

2.5 Во случај кога осигуреното побарување е поголемо од износот на кредитниот лимит наведен во додатокот за кредитен лимит, нашиот осигурен процент на прикажан во додатокот за кредитен лимит ќе биде намален пропорционално на износот што го должи купувачот. Намалениот осигурен процент ќе биде применет на крајно договорениот износ на долг, а осигурникот ќе бидете задолжен за останатиот износ на долгот.

## 3.0 Купувачи

3.1 Купувачи се само оние трговски друштва кои МБПР ги прифаќа со додатокот за кредитни лимити, а нема да бидат вклучени следните:

- било кое владетелство (како што е кралство), држава, влада или владин сектор и секое трговско друштво кое најмалку 50% е финансиски подржано од државата или јавните фондови, освен доколку поинаку не се договори писмено со МБПР.

- Било која компанија со која осигуреникот или некој од неговите менаџери, вработени или соработници се финансиски поврзани.

## 4.0 Одобрување и откажување на покритие за купувачите

4.1 МБПР ќе дава одобрување и ќе откажува покритие за купувачите

4.2 МБПР писмено ќе го извести осигуреникот за износот и валидноста на секој кредитен лимит за секој купувач поединечно за кој аплицирал кај МБПР. МБПР може да одбие, одобри или делумно одобри кредитен лимит за одреден купувач, но осигуреникот може повторно да аплицира за кредитен лимит. Кога повеќе осигуреникот не сака да го користи кредитниот лимит, мора писмено да ја информира МБПР за неговата одлука и МБПР во тој случај ќе го откаже кредитниот лимит.

4.3 Лимитот за одреден купувач ќе биде валиден од датумот наведен во додатокот за кредитни лимити.

4.4 Одбивањето на кредитен лимит за одреден купувач од страна на МБПР ќе важи од датумот кога осигуреникот поднел апликација за кредитен лимит во МБПР.

4.5 Еден месец пред истекот на важноста на кредитниот лимит за одреден купувач, осигуреникот ќе може повторно да аплицира за кредитен лимит со поднесување на апликација за кредитен лимит. Во овој случај, кредитниот лимит ќе важи се додека МБПР не го извести писмено осигуреникот дека нема да може да обезбеди покритие за одреден купувач.

4.6 МБПР може да го намали, откаже или суспендира кредитниот лимит за било кој купувач. МБПР за тоа писмено ќе го информира осигуреникот. Меѓутоа, сите осигурани побарувања настанати пред информирањето од МБПР и понатаму се покриени со осигурувањето.

- МБПР ќе го извести осигуреникот дали кредитниот лимит ќе важи според истите услови за новите побарувања кои треба да настанат во следните шест месеци од недовршените договори за купопродажба само ако осигуреникот ги достави деталите на овие договори но не подоцна од пет дена од датумот кога МБПР го известила осигуреникот.

- Доколку МБПР не го продолжи кредитниот лимит, осигуреникот ќе биде покриен за осигурениот процент од било која судска одлука или отштета и/или трошоците наметнати од судот или арбитарот, настанати како резултат од одбивање на испорачување на стоките или услугите според договорот за купопроджба. МБПР нема да плати повеќе од процентот договорен со осигуреникот наведен во додатокот за кредитниот лимит на купувачот.

**5.0 Плаќање отштета**

5.1 МБПР ќе плати отштета за осигуреното побарување не подоцна од 30 дена според она што ќе се случи најрано од следново:

- За барање за отштета по основ на несолвентност – кога МБПР ќе го добие барањето за отштета, вклучувајќи ги сите информации и документи за кои МБПР има потреба, и потврда на долгот од нивниот администратор или друг валиден документ за несолвентност на купувачот, доверител за стечај или друг овластен агент.

- За барање за отштета по основ на продолжено неплаќање - на крајот на “периодот на одложено плаќање” прикажан во додатокот за кредитни лимити.

- Кога МБПР ќе одлучи дека не може да се наплати побарувањето, но не подоцна од “периодот на одложено плаќање” прикажан во додатокот за кредитни лимити.

- По истекување на шест месеци од датумот на судската одлука што е во корист на осигуреникот или на МБПР, а на штета на купувачот, и при тоа не може да се изврши.

5.2 Ако целиот или делумен износ износ на побарувањето не е потврден од купувачот, судот или администраторот за несолвентност во период од три месеци откако МБПР ќе го добие барањето за отштета по основ на несолвентност, МБПР:
- или на осигуреникот ќе му исплати привремена отштета од 50% од вкупниот износ на достасаната отштета
- или дел од отштетата за износот кој е потврден, во зависност кое од овие две решенија е применливо.

Побарувањето не смее да биде спорно од страна на купувачот или администраторот за несолвентност. Осигуреникот мора да го врати исплатениот износ од МБПР во целост доколку побарувањето не може да биде документирано од страна на осигуреникот во рок од шест месеци од ова плаќање. Доколку потврдениот износ е понизок од привремената отштета тогаш осигуреникот мора веднаш да ја врати разликата на МБПР.

**6.0 Повраток**

6.1 Доколку осигуреникот достави барање за исплата на штета:

- МБПР ќе плати во рок од 30 дена од датумот кога МБПР наплатила било кој/каков износ пред да ја исплати отштетата

- доколку одреден износ е наплатен пред исплата на отштетата и истиот е помал од вкупниот износот на долгот, тогаш МБПР ќе го одземеме тој износ од износот на вкупниот долг и така ќе го утврди износот на штетата. Откога ќе биде утврден износот на штетата, МБПР истиот ќе го намали за неосигурениот процент и потоа на осигуреникот ќе му го плати осигурениот процент од износот на барањето за отштета плус наплатениот износ од купувачот пред исплатата на штетата.

- Осигуреникот ќе го добие неосигурениот процент од секој повратен износ откако МБПР ќе ја исплати штетата на осигуреникот.

6.2 Доколку купувачот ја врати стоката на осигуреникот со негова согласност и согласност од МБПР, износ на повраток е износот што ќе се добие од препродажбата на стоките.

# *Ц. Обврски на осигуреникот*

**1.0 Што мора да направи осигуреникот**

1.1 Осигуреникот мора да го стори следново:

- Да ги осигура сите побарувањаод купувачот за кои МБПР му одобрила кредитен лимит однсно да поднесе пријава за сите реализирани испораки на стоки или извршени услуги осигурани со оваа полиса во период од 15 дена по завршување на месецот во кој се испорачани стоките или се извршени услугите

- Мора да ги плати во целост премијата и другите претходно договорени трошоци наведени во оваа полиса. Ова ги вклучува сите премии, сите дополнителни премии заедно со трошоците за кредитен лимит и трошоците за повраток на осигурените побарувања. Мора да ги плати сите овие трошоци согласно со тарифите на МБПР. МБПР ќе го извести осигуреникот најмалку еден месец порано за секоја промена на трошоците за кредитни лимити и трошоците за повраток на осигурените побарувања. Осигуреникот не може да ги користи износите што МБПР му ги должи за да плати некој износ што го должи, додека помеѓу МБПР и осигуреникот не се договори поинаку.

  Неплаќањето на премијата или на другите трошоци може да резултира со откажување на полисата и/или на кредитните лимити од датумот на започнување на важење на полисата и/или од датумот на ефективност на кредитните лимити и/или од датумот на испорачување на стоките или извршување на услугите.

- Мора да го плати секој данок на осигурителна премија или други даноци и обврски

- Мора да ги плати банкарските трошоци и трошоците за трансфер

- МБПР треба да биде во можност за секое осигурано побарување да ги идентификува условите на испорака (вклучувајќи што ќе се извезува, кому, кога, каде и условите на прием), цената и плаќањето на извезените стоки или услуги, (вклучувајќи кој плаќа за стоките и услугите, роковите на плаќање, валута на плаќање и начин на плаќање).

- Осигуреникот не смее да прави било каква промена на погоре наведените услови без претходна согласност на МБПР.

- Осигуреникот не смее да прави никакво порамнување или договор за побарувањето без писмена согласност за тоа од МБПР, откако доставил барање за штета.
  Исто така не смее да прави и договор и пред да достави барање за штета во МБПР, за долг кој е достасан повеќе од 20 дена, освен ако не е поинаку наведено во одлуката за кредитен лимит.
  Истотака не смее да склучи договор за долгот без писмена дозвола од МБПР и во случај ако МБПР го откаже или суспендира кредитниот лимит.

- Осигуреникот мора да се однесува како да не е осигурен и да ги превзема сите разумни мерки со цел купувачите да ги плати побарувањата.

- Осигуреникот кога аплицира за покритие, мора да ја информира МБПР за деталите за купувачите кои постојано плаќаат со задоцнување (повеќе од 20 дена од датумот на достасување на побарувањето) во последните 36 месеци и секоја информација што би можела да влијае на одлука на МБПР за покритие. МБПР може да побара од осигуреникот финасика картица од осигуреникот за купувачот за кој што се бара лимит со цел подобра оценка на ризикот во однос на купувачот .

1.2 Осигуреникот мора да направи се што МБПР разумно ќе побара од него, да дејствува со добра волја и веднаш да ја извести МБПР за сите промени за кои станува свесен, а кои се однесуваат на него или на купувачите осигурани со оваа полиса. Ова вклучува:

- Секое сознание или причина што води кон заклучок дека купувачот не може да ги плати неговите долгови;
- Ако другите добавувачи ја прекинуваат испораката кај купувачот поради поранешни неплаќања;
- Ако купувачот бара дополнителен период за плаќање на побарувањето, а кога тоа е повеќе од 20 дена од датумот на достасување;
- Ако купувачот бара продолжен период на меницата;
- Ако имате намера да покренете судски спор против купувачот;
- Ако меницата од купувачот не е платена на датумот на кој достасува;
- Ако МБПР го редуцирала, откажала или суспендирала кредитниот лимит; и
- Кога побарувањето е делумно или целосно ненаплатено повеќе од 20 дена од датумот на достасување;

Овие обврски важат и откако МБПР го редуцирала, откажала или суспендирала кредитниот лимит

## 2.0 Барање за надомест на отштета

2.1 Осигуреникот мора да достави до МБПР барање за отштета во рок од 10 дена од:

- Датумот кога ќе дознаете дека купувачот е несолвентен;
- Кога МБПР тоа ќе го побара од осигуреникот во случај на потврдување на несолвентноста на купувачот;

Осигуреникот исто така мора до МБПР да ги достави сите расположиви информации и документи што се однесуваат на побарувањето така што МБПР може да донесе одлука дали да исплати штета и соодветно да и помогне на МБПР околу повраток на побарувањето.

2.2 Во случај на продолжено неплаќање од страна на купувачот се доставува известување за доцнење на плаќање кога:

- Побарувањето е ненаплатено во период подолг од 20 дена од договорениот рок на плаќање наведен во додатокот за кредитен лимит, доколку поинаку не е наведено во полисата;

- Осигуреникот не може да го наплати побарувањето во рок од 20 дена од датумот кога МБПР ќе го откаже или суспендира кредитниот лимит;

- МБПР побарала од осигуреникот да го направи тоа во одлуката за кредитен лимит или на друг начин; или

- Осигуреникот мора да ги достави сите информации и документи во врска со побарувањето до МБПР кои се потребни за да МБПР утврди дали побарувањето е осигурено, и ако е така, осигуреникот да и помогне на МБПР се што е во врска со повратокот.

## 3.0 Пренос на побарувањата и постапки за наплата

Кога осигуреникот го поднесува барањето за отштета:

3.1 Осигуреникот мора да го пренесе на МБПР правото на осигуреното побарување за кое осигуреникот поднел барање за отштета и сите права согласно со договорот со купувачот. Ова ги вклучува сите законски права во врска со тоа побарување.

3.2 Осигуреникот мора да и дозволи на МБПР да превземе постапка за поврат ок на долгот и спроведување и контролирање на законската процедура.

3.3 Осигуреникот не би требало да започне судска постапка против купувачот без претходна писмена согласност од МБПР. Непридржувањето кон ова може да резултира со одбивање на осигурувањето на купувачот и осигуреникот ќе мора да ги плати сите трошоци доколку превземе судска постапка без писмена согласност од МБПР.

3.4 Осигуреникот мора да пружи помош која на МБПР и е потребна за повлекување од постапката ако купувачот го оспори побарувањето. Во тој случај осигуреникот ќе биде одговорен за трошоците на МБПР и за судските и другите трошоци на купувачот. Ова не ги вклучува провизиите за правните советници и трошоците до денот кога МБПР дознала дека станува збор за спорно побарување. Осигуреникот мора веднаш да и го врати на МБПР, секој износ што МБПР го платила за тоа побарување.

## 4.0 Спорни работи

4.1 Осигуреникот мора да ги реши сите спорни работи (како што се: несоодветност на доставената стока или услуги во однос на условите од купопродажниот договор или договорот за извршување, квантитет на стоката специфицирана во договорот или неиспорака на стока со дефиниран квалитет, прекршување на рок за испорака и слично) со купувачот или администраторот за несолвентност пред МБПР да ја исплати отштетата. Ова не значи дека осигуреникот може да доцни со поднесувањето на известувањето за настанат осигурен случај.

4.2 Доколку спорот настане пред или по поднесувањето на барањето за отштета, МБПР може да го суспендира почетокот на “периодот на одложено плаќање” и исплатата на отштета. Кога ќе дознае осигуреникот или МБПР за спорните

работи, осигуреникот мора веднаш да ја врати отштетата и сите трошоци за повраток (освен оние спомнати во клаузула Ц 3.4).

4.3 Доколку спорните работи меѓу осигуреникот и купувачот се решени во корист на осигуреникот, со арбитража или судска пресуда која е правосилна, МБПР ќе ја исплати соодветната отштета.

## *Д. Општи услови*

**1.0 Важност на полисата за осигурување и откажување**

1.1 Полисата е валидна во периодот на валидност на осигурениот договорот за продажба или пократко доколку валидноста на истиот е подолга од една година, освен ако поинаку не е договорено.

1.2 МБПР може веднаш да ја откаже полисата со писмено известување:

- Ако осигуреникот стане несолвентен;
- Доколку осигуреникот не го плати било кој износ што го должи во рок подолг од 8 дена откако МБПР му доставила писмено барање;
- Доколку осигуреникот не достави пријави за реализирани испораки после 14 дена од писменото барање на МБПР; или
- Доколку осигуреникот прекрши било кој услов од оваа полиса.

1.5 Ако полисата заврши, тоа нема да влијае на правата на МБПР во однос на трошоците достасани во текот на целата година и на другите права на осигуреникот и МБПР.

**2.0 Пренос на права**

2.1 Осигуреникот и МБПР можат да ги пренесат правата од оваа полиса (осигуреникот само со дозвола на МБПР). МБПР и осигуреникот кон оваа полиса ќе ги вклучат правните или физичките лица на кои им ги пренесуваат правата.

**3.0 Право**

3.1 Оваа полиса ќе биде раководена од законот на РМ. За решавање на сите спорни работи ќе биде надлежен Основен Суд Скопје I, Скопје.

**4.0 Невистинито и погрешно информирање**

Доколку осигуреникот знаејќи достави некоја грешна и невистинита пријава за реализирани испораки, извештај или барање за отштета, или свесно фалсификува некој материјален факт, МБПР полисата ќе ја прогласи за неважечка и осигуреникот ќе го изгуби правото за надомест на отштета како и на платената премија за пријавените осигурени испораки на стоки и извршени услуги.

**5.0 Доверливост**

5.1 Осигуреникот или МБПР не смеат да изнесуваат детали од оваа полиса, информации за купувачите или некоја друга одлука без дозвола од другата страна.

**6.0 Суброгација ( пренос на правото на побарувањето на Осигурителот )**

6.1 Откако осигуреникот ќе го достави Барањето за отштета, МБПР може да ги преземе сите права по договорот за продажба за кој МБПР исплатила или ќе исплати отштета. Осигуреникот мора да направи се што може да помогне.

**7.0 Права на МБПР и осигуреникот**

7.1 Правата на МБПР и осигуреникот ќе се остваруваат согласно оваа полиса, како и сите други права што осигуреникот или МБПР може да ги имаат според позитивната законска регулатива.

**8.0 Писмено откажување**

8.1 Ако МБПР не применува некој од наведените услови, не значи дека истите нема да бидат применувани во иднина.

**9.0 Промени на полисата за осигурување**

9.1.1 Измени и дополнувања на оваа полиса ќе се направи со додаток потпишан од двете страни.

**10.0 Начин на информирање**

10.1 Било која информација ќе биде доставена со препорачана пошта, електронска пошта, факс или на некој друг начин за кој ќе се договорат МБПР и осигуреникот.

**11.0 Трошоци за кредитен лимит**

Трошоците за кредитен лимит и трошоците за мониторинг на ризикот осигуреникот мора да ги плати заедно со поднесувањето на апликацијата за кредитен лимит, освен ако осигуреникот и МБПР не се договорат поинаку.

**Е. Потписи**

Ја прочитавме и прифативме оваа полиса со важност од датум година

Во на датум година

За и во корист на Осигуреникот

Генерален директор

Во Скопје на датум година

Потпишано за и во корист на МБПР АД Скопје